HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ДЕКЕМВРИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

затворени институции

05

бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На почетокот на декември, Блупринт групата за реформи во правосудството изрази сериозна загриженост за начинот на кој се спроведе постапката за избор на кандидати за судија во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потенцирајќи дека изборот на судија во ЕСЧП претставува тест за институционалната зрелост и демократскиот капацитет на државата.

Изготвен беше Извештај што ги обединува реакциите и анализите на Блупринт групата за реформи на правосудството со наодите од независното набљудување на интервјуата, со цел да се даде целосен и објективен преглед на процесот за избор на судија во Европскиот суд за човекови права.

На 3 декември, светот го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во соопштение до јавноста, Хелсиншкиот комитет потенцираше: „Иако постојат позитивни иницијативи, сведоци сме дека во нашето општество сè уште многу лица со попреченост и натаму живеат во сиромаштија или зголемен ризик од сиромаштија, се соочуваат со дискриминација при вработување, пониски примања, образовниот систем сè уште не е целосно инклузивен и често ги маргинализира учениците и студентите со попреченост, инфраструктурата и јавните услуги остануваат непристапни за голем број граѓани, социјалната заштита не ги покрива реалните и дополнителни трошоци поврзани со животот со попреченост, институциите често не обезбедуваат навремени, соодветни и недискриминаторски услуги“. Поради овие проблеми со кои се соочуваат луѓето со попреченост, Хелсиншкиот комитет повика на системска реформа на социјалната и здравствената заштита.

# ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет за човекови права се приклучи кон глобалните заложби по повод Меѓународниот ден на човековите права - 10 Декември, кој годинава се одбележа под мотото „Наша секојдневна неопходност". Хелсиншкиот комитет за човекови права повика на засилени институционални мерки против дискриминацијата, активно спречување и санкционирање на говорот и делата од омраза, заштита на демократските стандарди и основните слободи и вложување во политики што создаваат инклузивно и солидарно општество.

Блупринт групата за реформи во правосудството апелираше до Собранието, пред да избере нов член на Судскиот совет, доследно да ги почитува сопствените заложби за подобрување на критериумите за избор на член на Судскиот совет од редот на истакнати правници и што поскоро да го усвои новиот Закон за Судскиот совет на РСМ. Особено што со измените во овој закон е предвидена потранспарентна и поконкурентна постапка за нивен избор од досегашната, која би овозможила јавноста да се запознае со кандидатите што претендираат за оваа значајна функција.

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата побара итно донесување на Предлогот на Законот за заштита на укажувачи. Платформата изрази сериозна загриженост поради бавниот процес на донесување на Предлогот на Законот за заштита на укажувачи. Во најновиот Извештај за напредокот, Европската комисија нотира дека Законот за заштита на укажувачи сè уште треба дополнително да се усогласи со правото на ЕУ (acquis) и да обезбеди соодветни механизми за спроведување.

Платформата смета дека носењето на вакво законско решение, со кое се подобруваат статусот и заштитата на укажувачите, ќе биде вредна алатка против корупцијата.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025

Во текот на септември 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 61 случај, од кои 27 (32 %) врз основа на етничка припадност и 20 случаи (24 %) врз основа на национална припадност и 19 случаи (23%) врз основа на политичка припадност, 5 случаи поради социјално потекло (6 %) и по 4 (4 %) случаи врз основа на раса и боја на кожа, 3 (4 %) случаи поради сексуална ориентација и родов идентитет и 3 случаи (4 %) поради пол и род, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ДЕКЕМВРИ 2025




**Во текот на декември 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 47 случаи, од кои 20 (35 %) врз основа на етничка припадност и 14 случаи (14 %) врз основа на национална припадност, и 10 (18 %) случаи врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 8 случаи (14 %) врз основа на политичка припадност што содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување. Забележани беа и по два случаја врз основа на статус на бегалец или мигрант и врз основа на пол и род.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ДЕКЕМВРИ - 2025

Во споредба со претходниот месец, бројот на регистрирани случаи укажува на задржување релативно стабилен тренд, при што и натаму доминира говорот на омраза врз основа на етничка припадност. Во декември беа регистрирани 20 случаи (35 %) од оваа категорија, што укажува на континуирана изложеност на етничките заедници на дискриминаторски и навредливи наративи во онлајн просторот.

Во овој контекст, јавниот собир кај споменикот на Скендербег, организиран како поддршка за УЧК, предизвика зголемена појава на говор на омраза во онлајн просторот, особено во форма на навредливи, етнички мотивирани пораки и повици за нетолеранција, насочени кон различни заедници. Дел од регистрираните случаи во декември директно или индиректно се поврзуваат со реакции и коментари поврзани со овој настан.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучок:**

**Податоците за декември 2025 година покажуваат дека говорот на омраза и натаму е присутен во онлајн просторот, при што одредени јавни и општествено чувствителни настани влијаат како катализатор за појава и засилување етнички и други дискриминаторски наративи.**

**Препорака:**

**Потребно е надлежните институции и релевантните чинители да воспостават поинтензивен и координиран мониторинг и навремено постапување за време на, и по одржување јавни настани со висок ризик од појава на говор на омраза.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Во текот на декември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 2 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, при што за едниот случај, во согласност со индикаторите (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека е сторен поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот, а другиот случај е сторен поради родовиот идентитет на жртвата. Дополнително, две кривични пријави се поднесени од страна на СВР Штип и СВР Велес за кривичното дело Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем против сторители што на социјалните мрежи шируле говор на омраза.**

**Потенцијалните инциденти се вклучени во Извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се: перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разлика меѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој Извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

## СЛУЧАЈ

До Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати трансродова жена, која пријави дека на автобуска постојка за меѓуградски автобуси, при влез во автобусот била физички нападната од страна на возачот во моментот кога почнала да се качува по скалите. Возачот најпрво ѝ се заканувал со зборовите дека не може да се вози во автобусот и дека ќе повика обезбедување, грубо ја навредувал алудирајќи на нејзиниот родов идентитет, а потоа почнал да ја турка по телото и да ја удира по градите, и во еден момент ѝ ги свиткал двете раце со кои се држела за оградата. Со преземените дејства, сторителот кај жртвата предизвикал телесна повреда на десното рамо, но освен телесната повреда, сторителот на жртвата ѝ предизвикал и силен стрес и траума. Истиот возач, односно сторителот, и во минатото имал нетрпеливост кон жртвата, односно и претходно се обидувал да ја спречи да се вози во истиот автобус.

Имајќи го предвид членот 386 став 1 од КЗ: Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, ќе се казни со затвор од три месеци до три години, и став 5 од истиот член: Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од омраза или имало за последица предизвикување тепачка, нереди и оштетување имот од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години, Хелсиншкиот комитет за човекови права побара информации од надлежната полициска станица во однос на тоа:

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

## СЛУЧАЈ

1. Дали полициската станица има постапено по пријавата на жртвата?
2. Дали полициската станица презела дејства за разјаснување на пристрасниот мотив во конкретниот случај, имајќи ги предвид пристрасните индикатори – тоа што станува збор за трансродова жена, перцепцијата на жртвата, моделот на претходно однесување, како и вербалните напади што алудираат на трансродовоста на жртвата?
3. Дали против сторителот е поднесена кривична пријава и за кое кривично дело? Односно, дали во случајот е вклучен јавен обвинител?
4. Дали инцидентот е заверен како инцидент од омраза и дали кривичната пријава е поднесена за кривично дело што според околностите може да се квалификува како кривично дело од омраза?
5. Кои мерки и дејства се преземени од страна на полициската станица во врска со пријавениот настан?

Од полициската станица сè уште се чека одговор. Хелсиншкиот комитет за човекови права со должно внимание ќе го следи предметот и постапувањето на надлежните институции.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

---

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

1. Анализата на регистрираните случаи укажува на континуирано присуство на инциденти со пристрасен мотив, вклучително и инциденти засновани врз родов идентитет, што дополнително ја потврдува ранливоста на трансродовите лица и другите маргинализирани заедници во јавниот простор. Особено е загрижувачко тоа што сторителите во ваквите случаи често се лица со позиција на моќ или контрола (како што се даватели на јавни услуги), што го засилува чувството на несигурност кај жртвите.
2. Недостигот на навремен и транспарентен одговор од страна на надлежните полициски органи, како и неизвесноста во однос на тоа дали пристрасниот мотив бил соодветно препознаен и процесиран укажуваат на структурни слабости во институционалното постапување и примената на законската рамка за кривични дела од омраза.

**Препораки**

- Министерството за внатрешни работи и надлежните полициски станици да обезбедат доследна примена на индикаторите за пристрасен мотив во сите фази на постапувањето, вклучително и обврска за експлицитно разгледување на родовиот идентитет како заштитена основа, како и навремено информирање на жртвите и јавноста за преземените дејства.
- Да се зајакнат капацитетите на полицијата и на јавните обвинителства преку континуирани, специјализирани обуки за препознавање, истражување и квалификација на кривични дела од омраза, со посебен фокус на случаи на насилство и вознемирување врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација, како и на обезбедување ефективна заштита и поддршка за жртвите.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ДЕКЕМРИ 2025 ГОДИНА

**Период: декември 2025 г.**

**Во текот на декември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатна правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции", финансиран од Европската Унија, обезбеди:**

- **Бесплатна правна помош за едно дете во судир со законот;**
- **Бесплатна правна помош за седуммина осудени/притворени лица;**
- **Работилница за музика и едукација за штитениците на ВПД Тетово.**

**2. Краток преглед на обезбедени правни услуги**

**Бесплатна правна помош**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети;**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции;**
- **Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.**

**Проектни активности во ВПД Тетово – Волковија**

- **Во рамките на активностите за ресоцијализација и реинтеграција беше реализирана интерактивна едукативна и музичка работилница со штитениците на ВПД Тетово. Во првиот дел, децата учествуваа во интерактивна сесија со Војо Иванов, едукатор и аниматор со животни, кој одржа кратко но инспиративно предавање за одговорниот однос кон животните, нивните потреби и значењето на грижата и на емпатијата. Вториот дел беше посветен на музичка работилница со Лука Ѓоргиевски, каде што децата активно учествуваа преку свирење и пеење.**

.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**4. Заклучоци и препораки**

**Спроведените активности покажуваат значаен придонес за заштитата и унапредувањето на правата на децата и лицата лишени од слобода, како и за нивната ресоцијализација и реинтеграција. Обезбедената бесплатна правна помош овозможи навремено информирање и остварување на правата на корисниците, додека, пак, проектните активности во ВПД Тетово – Волковија придонесоа за развој на социјални вештини, емпатија, креативност и позитивна комуникација кај децата, што е од особено значење за нивниот понатамошен личен и социјален развој.**

**Препораки:**

- **Да се обезбеди континуирана и навремена достапност на бесплатна правна помош за децата во судир со законот и за лицата лишени од слобода, вклучително и проактивна улога на институциите во информирањето на корисниците за нивните права.**
- **Да се унапреди меѓуинституционалната координација помеѓу судовите, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, центрите за социјална работа и другите надлежни органи, со цел поефикасна заштита на правата и побрзо постапување по поднесените барања.**
- **Да се обезбеди редовно и навремено постапување по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено кога се однесуваат на остварување и заштита на човековите права на ранливи категории.**
- **Да се зајакнат програмите за ресоцијализација и реинтеграција во воспитно-поправните и казнено-поправните установи преку системска поддршка на едукативни, културни и креативни активности како составен дел од индивидуалните планови за работа со штитениците.**

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 28 | |
| СПП | / | |
| Вкупно | 23 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 10 | 43% |
| Жени | 13 | 57% |
| Етничка | | |
| Македонци | 16 | 70% |
| Албанци | 3 | 13% |
| Роми | 3 | 13% |
| Турци | / | |
| Странци | 1 | 4% |
| Географски | | |
| Скопски | 18 | 78% |
| Вардарски | / | 0% |
| Полошки | / | 0% |
| Пелагониски | 2 | 9% |
| Југозападен | / | 0% |
| Североисточен | 2 | 9% |
| Источен | / | 0% |
| Југоисточен | 1 | 4% |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | / | 0% |
| Социјална заштита и | 3 | 13% |
| Заштита на деца | 1 | 4% |
| Пензиско и инвалидско | / | 0% |
| Здравствено осигурување и | 3 | 13% |
| Работни односи | 4 | 17% |
| Родово базирано и семејно | 4 | 17% |
| Статусни прашања | 1 | 4% |
| Заштита на човековите | 4 | 17% |
| Други | 3 | 13% |